26-28.9.2014

Од 26 до 28 септември 2014 г. во Охрид, се одржа 18-тата по ред Синдикална школа на Синдикатот за здравство, фармација и социјална заштита на РМ.



Слика 1. Присутните на 18-тата Синдикална школа на Синдикатот за здравство, фармација и социјална заштита на РМ

Школата ја отвори претседателот на Синдикатот за здравство, фармација и социјална заштита на РМ, д-р Љубиша Каранфиловски, а свое обраќање имаше и претседателот на Сојузот на синдикатите на Македонија, д-р Живко Митревски.
Во своето обраќање претседателот д-р Митревски направи ретроспектива на активностите на ССМ во претходниот период потенцирајќи ја успешноста на кампањата на Први мај во врска со Измените и дополнувањата на Законот за безбедност и здравје при работа. Исто така, тој ги потенцираше и Измените на Законот за работни односи во делот на пензискиот систем, укажувајќи дека Синдикатот остана доследен на своите ветувања по однос на зголемувањето на границата на пензискиот стаж со оглед на доброволниот карактер.


TRADE UNION FOR HEALTH, PHARMACY AND WELFARE OF
THE REPUBLIC OF MACEDONIA

[illegible]